**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ**

Кеј Димитар Влахов бр.23, 1000 Скопје
тел. 076/304 – 872
e–mail:osnovnojavnoobvinitelstvoskopje@jorm.mk

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**PROKURORIA THEMELORE PUBLIKE SHKUP**

Kej Dimitar Vlahov nr.23, 1000 Shkup
tel. 076/304 - 872
e–mail:osnovnojavnoobvinitelstvoskopje@jorm.mk

**А бр.79/24 - 2**
**Скопје, 06.02.2024 година**

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16 и 21/18), **Основниот јавен обвинител**, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 1/2023 од 18.12.2023 година за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство Скопје** за работно место **Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право - 2 извршители**, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избираат:

   **Мери Вуксановиќ**
   **Гоце Биковски**

2. Вработувањето на избраните кандидати од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас број 1/2023 за потполнување на работно место **Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право - 2 извршители**, во **Основно јавно обвинителство Скопје.**

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, **Основниот јавен обвинител** изврши избор на кандидати како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Гаврил Бубевски**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Избраниот кандидат;
- Архива.